# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2021

*Сабота, 2 октомври 2021*

## БИДЕТЕ РАДОСНИ

*Библиски стих:* **Ефесјаните 5,19**

*Уводна илустрација:* Прочитав вистинска приказна за една жена која на својата ќерка за роденден ѝ купила прекрасен клавир. Неколку седмици подоцна, една пријателка ја прашала како напредува нејзината ќерка.

„О“, одговорила жената. „Ја убедив да се префрли на кларинет.

„Навистина? Зошто?“ прашала пријателката.

„Па“, застанала таа, „кога свири на кларинет не може да пее“.

*Примена:* Кога станува збор за пеењето на богослужение, обично постојат два типа луѓе:

1. Има луѓе кои едноставно сакаат да пеат и би пееле по цел ден на богослужение.

2. Потоа, има и други кои повеќе би сакале да им дадете кларинет.

Кога го отвораме Светото писмо, читаме дека Бог му заповедал на Својот народ да пее и да свири.

*Во Ефесјаните 5 глава наоѓаме еден начин да го подготвиме нашето срце за Божјиот Дух:*

„Разговарајте меѓу себе со псалми и славословија и духовни песни, пеејќи и воспевајќи Го Господ во срцата ваши“ (Ефесјаните 5,19).

*Бог отсекогаш сакал Неговиот народ да пее. Псалм 32,11 вели:* „Веселете се во Господа и радувајте се, праведници, викајте (во други преводи „пејте“; заб. на прев.) радосно сите кои сте со право срце.“

*Псалм 105,1-4 објавува:* „Славете Го Господа, повикувајте Го Неговото име, навестувајте ги Неговите дела меѓу народите! Пејте Му, свирете Му, раскажувајте ги сите Негови чудеса! Фалете се со Неговото свето име, нека се радува срцето на оние,

кои Го бараат Господа! Барајте Го Господа и Неговата сила, барајте Го секогаш Неговото лице!."

*Псалм 149,1-5 ни заповеда:* „Алилуја! Пејте Му на Господа нова песна, и во собранието на светите, Неговата фала! Нека Му се весели Израел на Својот Творец! Нека Му викаат радосно синовите на Сион на својот Цар! Нека Го фалат Неговото име со веселба, нека Го слават со тапанче и псалтир! Зашто, Господ го љуби Својот народ, со спасение ги овенчува кротките! Нека се радуваат светите славно, нека извикуваат радосно од своите постели!"

Според тоа, Бог сака неговиот народ да пее. Но зошто? Зошто треба да пееме?

Од овие делови што ги прочитавме од Псалмите, видовме дека Божјиот народ пеел бидејќи бил исполнет со радост и среќа.

* Ние пееме од радост

* Ние ја пееме Неговата пофвала

* Ние пееме да ги прославиме благословите кои Бог ни ги дал.

Ние пееме, пееме, пееме!

Пееме бидејќи му служиме на Бога кој нè прави среќни.

Еден од најпознатите пејачи во Писмот, бил еден млад пастир по име Давид. Тој израснал и станал еврејски цар и се спомнува како „Човек кој бил по Божјото срце". Тој знаел да пее, да свири на харфа и сета негова музика го прославувала Бога и се радувала на Неговите благослови.

Давид бил човек по Божјото срце и ја зајакнал својата заедница со Бога така што пеел и свирел. Пеењето било начин на кој Давид ја објавувал својата радост во Бога. Тој пеел затоа што имал песна.

***Илустрација:*** Некој напишал: „Изгледа дека 40% од луѓето кои доаѓаат во црква ја примиле идејата дека пеењето во црква е за пејачи. Вистината е дека пеењето е за верниците".

Прашањето кое треба да го поставиме не е „Дали имате слух?" туку „Дали имате песна?"

Давид пеел бидејќи имал песна. Така треба и ние да правиме.

Бог никогаш не рекол: „Пејте, ако знаете“.

Бог едноставно вели: „Пејте! Пејте од радост!“

Некој тоа вака го рекол: „Бидете денес повеќе како деца, бидејќи децата пеат без оглед дали звучат добро или не“.

Бог сака кога Му пееме.

Кога пееме, ние Го прославуваме поради големата радост која ни ја дал. Но, постои уште една причина поради која треба да пееме. Музиката нè менува, нè трансформира. Пеењето не е само објавување на нашата радост – тоа има сила да нè направи среќни.

***Илустрација:*** Уште 1998 година научниците открике дека музиката ги стимулира аудиториумски нерви и овозможува мозочните пораки кои поминуваат низ телото како бранови, да влијаат на тоналитетот на мускулите и флексибилноста на зглобовите.

Ритамот на човечкото срце е посебно усогласен со музиката. Како музиката го менува темпото, јачината и ритамот, таа делува како природен пејсмејкер. Нашето дишење се забрзува или забавува заедно со музиката. Едно истражување на Државниот Универзитет во Мичиген, открило дека само 15 минути слушање музика, го покачува нивото на имунолошката хемија која е витална во заштитата против болестите. Ослободувањето на котизол (хормоне на стресс), опаднало до 25%.

Покрај тоа, тие откриле дека музиката има дирекно влијание на функциите на мозокот. Таа може да ги забави и усогласи мозочните бранови и да создаде медитативна состојба или може да даде енергија на мозочните бранови, забрзувајќи го процесот на размислување и поттикнувајќи креативност.

Потоа, во 2001 год., научниците биле изненадени кога откриле дека музиката е во состојба да помага при лечењето на телото.

* Жртвите со изгорфеници, охрабрени да пеат додека им се менуваат завои, доживувале помалку болка.

* Пациенти заболени од рак, кои слушале музика или вежбале на музички инструменти, забележалее како им опаѓало нивото на стрес и им се зајакнувал имунитетот.

Професорот Ричард Фатијане забележал: „Бидејќи им помага на пациентите да се релаксираат, музиката ја смалува болката и може дури да го забрза оздравувањето“ (Ричард Дајџест, 9/2001).

Само на физичко ниво, музиката има моќ да ја намали болката во нашиот живот.

Но, на духовно ниво, песните можат да постигнат многу повеќе, бидејќи христијанската музика има зборови и тие зборови се насочени кон Божјата сила и љубов. Тоа е една од причините, за што Павле зборува во црквата во Ефес: „Откако го изгубија чувството, тие и се предадоа себеси на разузданоста, за да прават секаква нечистота во лакомост“ (Ефесјаните 5,19).

Насочете се кон зборовите во тие песни, бидејќи зборовите што ги пееме во црква, нè подигаат, а не нè спуштаат. Ако ја слушате денешната популарна музика, ќе откриете безброј песни кои зборуваат за:

* Безнадежност

* Неморал

* Гнев и лутина

* Себичност и самоцентричност

***Илустрација:*** Универзитетот во Питсбург направил студија пред неколку години во која биле испитани 279 популарни песни на радио во 2005 година. Само го гледале спомнувањето на зборовите дрога и алкохол во песните, но она што го нашле е многу поучно:

* Ганстери – рапери – со наклонетост зборувале за овие теми во 80% од своите песни.

* Кантри музиката во своите песни со 37% ги прославувале чудесата на алкохолот.

* Ритам и блуз ги прати со 20%.

* Рок музиката имала 14% песни во кои се фалат дрогата иалкохолот.

* Поп музиката имала 7%.

А ова истражување обработувало само дрога и алкохол во популарната музика. Научниците во ова истражување не ги испитувале песните кои зборуваат за сексуалниот неморал, одмаздата и

лакомоста. Не биле разгледувани безбројни песни кои се полни со безнадежност и очајување.

Многу популарни песни на радио не ги воздигнуваат луѓето. Тие го влечат човекот надолу и охрабруваат таков начин на живот и ставови со кои на луѓето им ја скратуваат радоста. Но, спротивно од ова, псалмите, химните и духовните песни ни зборуваат за Бога кој нè сака и кој се грижи за нас. Тие нè воздигнуваат и ни даваат причнина да се радуваме во животот.

Псалмите, химните и духовните песни имаат моќ да нè менуваат и да ни дадат сила и радост во светот кој е често суров и тежок. Впрочем, тие имаат и повеќе сила од ова.

Во Дела 16 читаме како Павле и Сила биле уапсени затоа што го проповедале Евангелието. Биле претепани, оковани во синџири и заклучени во затвор, а згора на тоа нозете им биле оковани.

* Како тие реагирале на ова?
* Како Павле и Сила реагирале на неправедноста на нивната казна?
* На болката што ја трпеле поради тепањето?
* На ужасот на келијата која ја делеле со стаорци и други влекачи?
* На несигурноста за својата иднина?

Што тие правеле? (пееле).

Пееле?

Дела 16,25 ни велат: „Околу полноќ, Павле и Сила се молеа и со песна Го славеа Бога, а затворениците ги слушаа.“

Што се случило потоа

„Но одеднаш стана силен потрес, така што се стресоа основите на темницата: во истиот миг се отворија сите врати, и на сите им паднаа оковите“ (16,26).

Дали нивното пеење предизвикало земјотрес?

Не, тоа го сторил Бог.

А кога пееле, тие ја објавувале својата вера во верниот Бог, кој може да направи такви работи.

Нивното пеење било како чешма која ја одвртиле и таа пуштила млазници на Божјата сила.

Пеењето тоа го прави.

Затоа Бог вели ПЕЈТЕ! Не вели, АКО знаете да пеете, пејте!

Само пејте!

* Пејте затоа што имате песна за радост
* Пеејте затоа што може да ви даде песна за радост
* Пејте затоа што пеењето носи Божја сила во вашиот живот.

А што треба да пееме?

Ефесјаните 5,19 ни зборува за три видови на песни – псалми, славословија (химни) и духовни песни – но денес сакам да се концентрираме на други две класификации на песни. Постоеле уште два други вида на песни кои Божјиот народ ги пеел.

1. Ги пееле своите стари омилени песни. Исто како и ние денес и Евреите имале песни кои се пееле постојано од почетокот.

Отворете Псалм 120. Кои зборови се наоѓаат пред почетокот на самиот Псалм? (Песни за пеење). Погледнете го сега следниот Псалм, 121. Кои зборови се наоѓаат пред него? Погледнете ги сега псалмите 122, 123 и 124.

Постојат 15 псалми кои почнуваат со овие зборови.

Некои истражувачи на Библијата веруваат дека Евреите секоја година ги пееле овие 15 псалми кога оделе на богослужба и биле пеени во текот на нивниот аџилак во Ерусалим и за време на големите празници – додека се „качувале“ во Ерусалим – затоа се викаат песни за искачување.

Секоја година постојано од почеток ги пееле овие Псалми. Секоја година додека ги слушале, знаеле дека е време да тргнат на аџилак.

Према ова, Израелскиот народ сакал да ги пее овие стари омилени песни, токму како и ние. (Наведете неколку песни кои се омилени во вашата црква).

Убавината на старите омилени песни е во тоа што тие се како спомени за нас. Тие нè подсетуваат на добрите работи што сме ги научиле во црквата и во заедницата во која сме уживале, како и на благословите што сме ги гледале во текот на годините. Тие ни се како омилена храна. Изразуваат топли чувства по повод нашата заедница со Бога и Неговиот народ.

2. Но, Божјиот народ исто така пеел уште еден вид на песни. Бог сака да пееме нова песна.

Псалм 96,1 можеби е најпознатиот: „Пејте Му на Господа нова песна! Пеј Му на Господа цела земјо!"

Псалм 33 го вели истото: „Запејте Му нова песна, со гласни извици придружувајте ги складните свирки."

Псалм 144,9 вели „Ќе Ти пеам, Боже, нова песна, ќе ти свирам псалтир со десет жици."

Псалм 149,1 објавува: „Алилуја! Пејте Му на Господа нова песна, и во собранието на светите, Неговата фала!"

Дури и Давид рекол: „Во мојата уста стави нова песна, фалба на нашиот Бог. Мнозина ќе видат и ќе се исплашат: и ќе се надеваат на Господа" (Псалм 40,3).

Потоа во Откривението читаме: „И пееја нова песна, велејќи: „Достоен си да ја земеш книгата и да ги скршиш нејзините печати, зашто Ти беше заклан и со Својата крв нè откупи за Бога од секое колено, јазик, народ и племе" (Откровение 5,9).

Бог сака да учиме „нови песни".

Но зошто?

Ако премногу долго ги пееме старите песни, тие можат и да ни здодеат. Тоа се исти зборови, постојано од почеток. Можат да станат рутина, па дури и ако верниците пеат радосно, тие повеќе не размислуваат за зборовите на песните.

Спротивно од ова, „новите песни", нè тераат да размислуваме за зборовите. „Новите песни", нè изведуваат од нашата удобна зона и нè тераат да размислуваме за Божјата љубов и милост на нови начини. Уште една причина зошто треба да учиме „нови песни" е тоа што нивната новина го одразува Бога на кој му служиме.

Новите песни нè подсетуваат дека Бог и денес делува во нашиот живот.

Во Плачот на Еремија читаме: „... идејќи милосрдието Негово не е пресекнато; тоа се обновува секое утро; верноста Негова е голема!" (Плач 3,22б.23).

Ние му служиме на Бога, кој секој ден прави нешто ново за нас и новите песни ја нагласуваат таа порака: Тие објавуваат да веру-

ваме дека Бог прави нешто ново секој ден во нашите животи.

**Заклучок:** Еден човек по име Џек Хинтон се наоѓал на кратко мисионерско патување на островот Тобаго. Водел богослужение во колонија со губави, па било време за уште една песна, па прашал дали некој има некаква желба.

Жена, која била со грб свртена кон проповедницата, сега се свртела.

„Беше тоа најужасното лице кое некогаш го бев видел“, рекол Хинтон. Жената повеќе немала ни нос, ни уши. Болеста и ги уништувала усните. Високот ја подигнала својата рака без прсти и прашала: „Можеме ли да ја пееме ‚Пребројте ги своите бројни благослови?“

Совладан со емоции, Хинтон го напуштил богослужението. По него тргнал уште еден член на групата, кој го прашал: „Џек, претпоставувам дека повеќе нема да можеш да ја пееш таа песна.“ „Да, ќе можам“, одговорил Џек, „но никогаш нема да можам да ја пеам на ист начин“.

*Сабота, 6 ноември 2021*

## ВИСТИНСКИ СВЕДОК

*Библиски текст:* **Дела 26, 22.23**

Ако земете некој библиски конкорданс и го побарате зборот сведок или сведочење, ќе видите дека 33 пати се спомнува во книгата Дела апостолски.

Зборот сведочење, прв пат се спомнува во Дела 1,8 а последен пат во Дела 26, 22. Во Делата 1,8 наидуваме на сила за сведочење, а во Дела 26, 22 наидуваме на делување на сведоците.

Раната црква немала црквени згради, немала литература за саботно училиште, немала радио или ТВ, превозни средства, но, сепак била силна црква. Во 28. глава на Дела апостолски, 33 пати ни се зборува зборува дека тоа била црква која сведочела. Истра-

жувачите на Библијата откриле дека за првите 12 месеци црквата крстила преку 30000 нови верници.

Во денешните современи цркви имаме многу работници, но малку сведоци. Има многу луѓе кои се водачи, но многу малку сведоци. Многу луѓе се христијани, но само мал дел од нив се вистински Исусови сведоци.

Пред неколку години една црква спровела една анкета. На прашањето: „Зошто одбравте да дојдете во оваа црква", 18% одговорило дека тоа го направиле поради верската определба, 9% изјавиле дека им се допаѓа изгледот на зградата, а 3% дека ги посетил пасторот.

Останатите (повеќе од половина) одговориле дека дошле затоа што некој ги повикал!

Ајде денес да размислиме за апостолот Павле и да видиме како изгледа вистински сведок.

## I - ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК Е ВКЛУЧЕН ВО СВЕДОЧЕЊЕ

„Но, откако добив помош од Бога, стојам до ден денес и им сведочам на мали и на големи, зборувајќи само за она што беа го зборувале Пророците и Мојсеј дека треба да се случи" (22. стих).

Не можете да бидете сведок ако не сведочите. Можете по цел ден да велите „Јас сум сведок", но ако не сте вклучени во сведочење, вие не сте вистински сведок.

Некој може да отиде на факултет за да учи да стане лекар и може да научи сѐ што му е на располагање, но лекар ќе стане дури откога во пракса ќе го примени тоа што го научил.

Во оваа глава Павле сведочи за својот Цар.

**Илустрација:** Една ноќ за време на еден воен поход, Александар Велики не можел да спие, па излегол од својот шатор и прошетал низ логорот. Наишол на еден војник кој спиел на стража, што било сериозен прекршок. Впрочем, казната за спиење на стража била неизбежна смрт. Некогаш се случувало командантите да му истурат керозин на заспаниот војник и да го запалат. Овој војник почнал да се буди кога му пришол Александар Велики. Сфаќајќи

кој стои пред него, младиот човек се исплашил за својот живот. „Дали знаеш каква е казната за спиење на стража?“ прашал Александар. „Да, господине“, одговорил војникот со треперлив глас. „Како се викаш, војнику?“ прашал Александар. „Се викам Александар, господине.“ Александар Велики го повторил своето прашање: „Што рече, како се викаш?“ „Се викам Александар, господине.“ Трет пат уште погласно, Александар Велики прашал: „КАКО се викаш?“ И третиот пат војникот понизно одговорил: „Се викам Александар, господине.“ Александар Велики го погледнал младиот војник право в очи и рекол: „Војнику, или смени го името, или смени го однесувањето“.

Јас не мислам дека треба да го смениме своето име. „Христијанин“, значи „мал Христос“, што е многу прикладно име за следбениците на Исуса Христа. Но, мислам дека е потребно да го смениме нашето однесување, ако сакаме да ПРОПОВЕДАМЕ во ХРИДСТОВО ИМЕ.

I I – ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК СВЕДОЧИ НА СЕКОЕ МЕСТО

Некој рекол дека денешните христијани се „црковни христијани“, т.е. додека се во Божјата куќа се однесуваат на еден начин, а надвор од Неа, сосема поинаку.

Во книгата Дела апостолски запазете каде сведочеле надвор од Црквата: во Синагогите, покрај реките, во затворите, на пазарите, од куќа до куќа, покрај патишта и во палатите.

Павле никогаш не престанал да зборува за Исус сѐ до својата смрт и сведочел каде ѝ да се наоѓал.

**Илустрација:** Еден проповедник проповедал во едно место во Тенеси и имал многу успешна евангелизација. Секоја вечер на негов повик излегувале многу луѓе кои сакале да се крстат. Запазил дека една жена многу често излегува водејќи со себе други луѓе. Му кажале дека е тоа сестра Еби Бур, касиерка во една државна банка и дека постојано доведува пријатели во црква. Проповедникот отишол дома и долго не слушнал ништо за оваа сестра. Потоа, еден ден, добил порака дека сестрата починала и дека сакала тој да присуствува на нејзиниот погреб.

Проповедникот отишол во црквата во која била организирана комеморацијата за оваа сестра и седнал на проповедилницата заедно со нивниот пастор. Имало многу народ, се пееле омилените песни, потоа проповедникот проповедал и седнал на своето место. Тогаш станал пасторот на црквата и повикал една група жени да излезат пред проповедницата. Рекол: „Сестрата Еби Бур ги доведе овие сестри во црква една по една". Вкупно излегле педесет и две жени. Оваа покојна сестра работела како касиерка во банка, но по работното време одела од врата до врата и им зборувала на луѓето за Христа. Донела многу луѓе во црква, вклучувајќи ги и овие педесет и две жени.

Бог може да употреби секого да сведочи за Него. Дозволете Му да ве употреби како Негови сведоци.

**Илустрација:** Еден ден, Чарлс Спурџон шетал низ природа во Англија заедно со своите пријатели. Додека така оделе, евангелистот забележал еден амбар со ветроказ на покривот. На него пишувало: „Бог е љубов". Спурџон им рекол на своите пријатели дека тоа е доста несоодветно место за таква порака. „Ветроказите се променливи", рекол. „но, Божјата љубов не се менува". „Не се согласувам со тебе Чарлс. Не си го разбрал значењето. Тој знак ја зборува вистината: Без оглед на која страна дува ветерот, Бог е љубов", одговорил еден негов пријател.

## III – ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК Е ИСТРАЕН ВО СВЕДОЧЕЊЕТО

Во овој стих постои израз кој го поттикнува моето срце: „стојам до самиот овој ден". Тоа значи дека стојам цврсто, никогаш нема да се откажам или да престанам да сведочам за Господа.

Некој можеби ќе помисли дека Павле го придобил за Бога секого кого сретнал, но тоа не се случило. Не успеал да обрати никого при искуствата на Аеропаг. Но, иако му се подбивале, тој настојувал и неколку се спасиле (Дела 17,32-34).

**Илустрација:** Ми се допаѓа приказната за момчето кое ловело риба на еден поток кога наишла една група тинејџери со современи трски, блинкери и шарени мамци. Прскале по водата, се шегувале и се смееле додека постојано од почеток ги фрлале своите

јадици во вода, но ништо не фатиле. Момчето мирно седело на своето место и извлекувало риба. Најпосле, едно од момчињата повикало: „Како ти успева? Ние имаме специјални мамки, но ништо не фативме!“ Момчето го подигнало погледот и одговорило: „Јас ловам риба, а вие се забавувате.“ Можеби е потребно малку повеќе да се посветиме и сосредоточиме на нашето настојување со евангелието да допреме до луѓето.

IV – ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК Е ОПРЕМЕН СО БОЖЈИОТ ЗБОР

Павле вели: „Зборувајќи само за она што беа го зборувале Пророците и Мојсеј дека треба да се случи“ (стих 22). Тоа била Библија во негово време.

Д. Л. Муди кажува дека Библијата е вдахновена книга, но и книга која го вдахнува и него. Таа го поттикнува да сведочи за нејзината вистина.

Ние имаме разни причини зошто не сведочиме.

**Илустрација:** Криви сме поради изговорите. Кога тоа го правиме, ние се сврстуваме во редовите на големи спортски херои. Да го земеме на пример, рагбистот Рафаел Септиен, кој нема конкуренција во смислување изговори зошто го промашил голот. Еднаш рекол дека не дал гол бидејќи тревата била превисока, а теренот имал вештачка трева. Вторпат изјавил дека му сметала таблата на која бил напишан резултатот. Потоа, кацигата му била претесна, му ја стискала главата, па не можел да размислува, итн.

Но, ние како христијани, не треба да бараме изговори кога се работи за сведочење, бидејќи го имаме Божјиот Збор и сила ако ја примениме. Тоа не се наши зборови, туку Божји и тоа е голема разлика.

**Илустрација:** Постои приказна за еден стар Индијанец кој дошол на една богослужба. На проповедникот му недостасувала духовна сила, па затоа многу викал и со тупаница удирал по проповедалницата за да ја прикрие својата неподготвеност за проповед. По богослужбата некој го прашал Индијанецот, кој патем бил христијанин, што мисли за проповедта. Размислувал за момент, тој својот одговор го резимирал во шест зборови: „Силен ветар!

Силни грмотевици! Нема дожд!

Да, кога ќе се занемари Светото Писмо, „нема дожд“. Само ако проповедта и сведочењето се засновани на Божјиот Збор и сосредоточени на Исуса, Неговиот народ ќе биде благословен и освежен. Ако ова недостасува, ние само правиме поголема врева во овој многу бучен свет.

V – ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК ГО ВОЗДИГНУВА ИСУС

„Дека Христос...“ (23 стих).

Павле не зборувал за тоа колку е самиот тој добар и што направил. Зборувал за тоа колку е Исус добар и што Исус направил.

Вистинскиот сведок вистински го сака Господа Исуса и таа љубов е непрестајна.

**Илустрација:** Еден студент отишол во фотографска работилница со урамена слика од својата девојка. Сакал сликата да се умножи. Тоа значело дека сликата требало да се извади од рамката. Кога тоа го направиле, фотографот забележал натпис на задната страна од фотографијата. „Најдраг Том, те сакам од сè срце. Секој ден ќе те сакам сè повеќе. Ќе те сакам засекогаш. Јас сум вечно твоја“. Било потпишано со Дијана. Подоле пишувало: „Ако некогаш раскинеме, сакам да ми ја вратиш оваа слика!“

Нашата љубов кон Исус е вечна. Ние треба секој ден да го воздигнуваме и на тој начин да доведуваме луѓе кај Него.

**Илустрација:** Евангелистот Д. Л. Муди раскажал приказна за еден проповедник кој спремал проповед за тоа како треба да го прифатиме Исуса без колебање. Додека една вечер така проучувал, проповедникот заспал на столот и сонувал чуден сон во кој слушнал разговор помеѓу три демони. Тие се собрале заедно за да смислат план како луѓето да ги одведат во пеколот.

Едниот зол дух рекол: „Ајде да им кажеме на луѓето дека Библијата не е Божја Реч и дека не може да ѝ се верува.“ Другите одговориле: „Тоа не е доволно!“

Другиот зол дух проговорил: „Ајде да им кажеме на луѓето дека Бог не постои, дека Исус бил само добар човек и дека нема ни

небо ни пекол". Повторно останатите одговориле негативно.

Најпосле третиот демон рекол: „Ајде да им кажеме на луѓето дека постои Бог, Спасител, небо и пекол. Но, ајде да ги увериме дека имаат многу време да се спасат и да ги охрабриме да ја одлагаат одлуката."

„Одлично!" Повикале останатите воодоошевено.

Многу луѓе ќе го пропуштат спасението бидејќи одложувале, мислејќи дека можат Исуса да го примат „утре". Но, утре никогаш не доаѓа. Потребно е итно да сведочиме за Исуса за да можат луѓето СЕГА да се спасат.

## VI – ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК Е ЗАЈАКНАТ СО СВЕТИОТ ДУХ

„Откако добив помош од Бога" (22. стих).

**Илустрација:** За време на една новогодишна парада во која учествувале сите градски фирми, еден убаво накитен камион одеднаш се накашлал и запрел. Му снемало нафта. Целата парада стоела сè додека некој не донел канта со гориво. Интересно е тоа што овој камион претставувал една позната нафтена индустрија. Без оглед на огромното количество на нафта што ја имала оваа компанија, на нејзиниот камион му снемало нафта.

Често христијаните го занемаруваат своето духовно одржување. Иако се „обучени во сила", (Лука 24. 49), им снемува гориво.

Човековото тело е чудесна машина. Тоа може да ја одржува константна телесната температура, независно од надворешната температура. Без оглед дали се наоѓа на Артичкиот поларен круг, или на екваторот, неговата температура е отприлика иста. Постои внатрешен механизам кој го регулира тоа. Светиот Дух живее во христијаните за да постигне ваква стабилност во духовното здравје. Без оглед дали се соочуваме со благосостојба или неволја, без оглед дали примаме духовна исхрана или сме во искушение, Светиот Дух прави да бидеме стабилни.

## VII – ВИСТИНСКИОТ СВЕДОК ИМ ПРИСТАПУВА НА СИТЕ

„Им сведочам на мали и на големи" (стих 22).

Примерот на Бил Брајт - Тој никогаш не зборувал со некого повеќе од 5 минути, а да не го сврти разговорот кон Исуса Христа. Стихот 23 кажува дека Исус „на народот и на незнабошците ќе им проповеда светлина".

Исус пружа спасение на секого кој го повикува Неговото име. Како е со тебе и со мене? Дали ние избегнуваме да сведочиме за Господ? Ако тоа се случува, ајде денес да се смениме И да станеме вистински Исусови сведоци.

**Заклучок:** Павле никогаш не можел да го заборави тоа што Исус го направил за него на крстот и така станал Негов силен сведок.

**Илустрација:** Во текот на Првата светска војна, Принцот од Велс посетил 36 сериозно ранети луѓе во една болница во предградието на Лондон.

Принцот и неговите луѓе поминувале низ главното одделение на болницата и се ракувале со поголемиот дел од ранетите. Кога биле спремни да ја напуштат болницата, Принцот изјавил дека видел само 30 луѓе. „Каде се останатите шест?" Иако бил известен дека останатите шест се потешко ранети и се наоѓаат во друго одделение, важниот посетител сакал да ги види.

Посетил уште пет многу тешко ранети луѓе. „Каде е последниот?" Повторно прашал Принцот. Иако му рекле дека човекот е така страшно ранет да било страшно да се гледа, Принцот инсистирал да го види.

Принцот за момент молчејќи стоел, а потоа му пришол на ранетиот, се наведнал И го бакнал во челото! Со треперлив глас, Принцот од Велс рекол: „Тој е ранет за мене!"

„За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него, преку Неговите рани ние се исцеливме" (Исаија 53,5).

*Сабота, 4. декември 2011*

## ЛАОДИКЕЈА - НЕРАЗБИРЛИВА ЦРКВА

Дејвид Елисон

Прочитајте: **Откривение 3,14-22**

**Црквата во Лаодикеја - Поставување на сцена**

Лаодикеја е основана 250. година во старата ера од страна на Антиох од Сирија и го добила името по неговата жена.

Се наоѓала во долината на реката Маеандер и низ неа воделе важни патишта во Ефес, Пергам, Памфилија и Сирија. Првобитно Лаокидеја била тврдина.

Сепак, факт е дека немала сопствена чиста вода, па морала да се транспортира до градот со помош на подземни виадукти од топлите извори оддалечени 10 километри. Тоа бил сериозен проблем за град под опсада. Тоа не било добро ни за водата. До моментот кога ќе стигнела во градот, водата не била ниту топла, ниту освежувачки ладна: била млака.

Градот се наоѓал во близината на Хиерополис (кој бил познат по славните топли извори) и Колоса (кој бил познат по ладна и чиста вода).

Лаодикеја била најбогата од седум градови.

Ремзи напишал: „Било потребно само мир за Лаодикеја да стане голем трговски и финансиски центар." Тој мир дошол со власта на Рим. „Пакс Романа" (Римски мир) ѝ дал на Ладикеја можност да стане тоа што Плиниј го нарекувал „Најотмен град".

Кога Цицерон патувал во Мала Азија, тој во овој град ги უновчил своите кредитни писма. Овој град тогаш бил голем банкарски и финансиски центар. Кога голем земјотрес во 61. година од нашата ера го уништил градот, богатите и независни граѓани биле во состојба повторно да го изградат без никаква помош од страна на Римјаните!

Не е никакво чудо што Лаодикеја можела да се фали дека е богата и дека поседува богатства и дека ништо не ѝ е потребно.

Лаодикеја била голем центар за производство на облека. Овци-

те кои паселе околу градот биле познати по својата мека, виолетово-црна, сјајна волна, од која можела да се произведува ефтина облека за поголема популација.

Лаодикеја имала и многу значаен медицински центар.

Била позната во светот по маста за очи и уши. Лекарите во градот биле толку познати што тие двајца - Александар Филалатес и Зеуксиус – имале имиња врежани на кованите градски пари!

Како и кај претходните цркви, Господ своите зборови ги прилагодил по тоа што било значајно за градот во кој црквата се наоѓала.

Лаокидеја била толку богата да Бог не ѝ бил потребен. Лаокидеја била толку горда на својата облека што не разбирала дека е гола во Божјите очи. Лаокидеја била толку сигурна во своето медицински знаење што не знаела дека е духовно слепа.

Лаокидеја е единствената црква за која Воскреснатиот Христос немал ништо добро да каже!

Откровение3,14-22:

„И на ангелот на црквата во Лаодикија напиши му: ова го зборува Амин, верниот и вистинскиот Сведок; Почетокот на Божјото создание: ги знам твоите дела, дека не си ни студен ни врел. О, кога би бил студен или врел! Вака, бидејќи си млак, и не си ниту врел ниту студен, ќе те изблувам од Својата уста. Зашто велиш: богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден и несреќен, и сиромав и слеп, и гол. Те советувам да купиш од Мене злато, пречистено во оган, за да се збогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се појави срамотата на твојата голота; и очна маст, за да ги намачкаш своите очи, за да гледаш. Јас ги укорувам и казнувам оние, кои ги љубам; затоа биди ревностен и покај се! Еве, стојам на вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него, и тој со Мене. На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол. Кој има уво, нека чуе, што им зборува Духот на црквите!“

Секоја од седумте пораки почнува со личен Исусов опис, кој е земен од Јовановата визија која е забележана во првото поглавје.

а. Амин

Тоа е старозаветна титула за Бога. Еврејскиот збор Амин се преведува како вистина. Со други зборови, на Него можеме потполно да се потпреме и Неговите ветувања се вистинити без сомнеж.

„Кој ќе се благословува во земјата, нека се благословува со вистинскиот Бог. И кој ќе се колне во земјата, нека се заколнува во верниот Бог. Зашто поранешните неволји ќе бидат заборавени, ќе бидат скриени од Моите очи“ (Исаија 65,16).

Исус потоа додал: „И му рече: 'Вистина, вистина ви велам: отсега ќе го видите небото отворено и Божјите ангели како се искачуваат и слегуваат над Човечкиот Син'“ (Јован 1,51).

Господ се подготвувал на црквата да ѝ ја каже вистината за нејзината духовна состојба. Сепак, таа била слепа кон таквите потреби и неподготвена да се соочи со вистината. Но, искреноста е секогаш почеток на вистинскиот благослов. Кога ќе ги признаеме нашите гревови, примаме од Бога сѐ што ни е потребно. Ако го сакаме најдоброто од Бога во својот живот и во црквата, мораме да бидеме искрени кон Него и да дозволиме Тој да биде искрен кон нас!

## 1. ТИЕ ЈА ИЗГУБИЛЕ СВОЈАТА ЕНЕРГИЈА

**а. Срце кое гори (за Бога) - Лука 24,32.**

„И си рекоа еден на друг: 'Не гореше ли срцето во нас, кога ни зборуваше патем и ни ги толкуваше Писмата?'“

**б. Ладно срце - Матеј 24,12.**

„И заради многу беззаконија, љубовта ќе олади кај мнозина.“

**в. Млако срце - Откровение 3,16.**

„Вака, бидејќи си млак, и не си ниту врел ниту студен, ќе те изблувам од Својата уста.“

На млакиот христијанин му е удобно и тој е задоволен. Тој не ја гледа својата потреба. Да е ладен, барем нешто би чувствувал!

„Непријатно е да се пие млака. Црквата во Лаодикеја станала млака и затоа била невкусна и одвратна. Верниците не се заземале за ништо; рамнодушноста довела до невработеност. Бидејќи занемарувале што било да направат за Христа, црквата станала тврда и задоволна со себе и самата се уништувала. Не постои ништо полошо од таканаречени христијани кои се задоволни со себеси. Немојте да се задоволите само половично да го следите Бога. Дозволете Христос да ја запали вашата вера и да ве поттикне на акција“ (Life Aplication Bible).

Римјаните 12,11

„Бидете неуморни во ревноста! Бидете пламени во духот! Служете Му на Господа.“

Колошаните 4,12

„Ве поздравува вашиот сонародник Епафрас, слуга на Христа Исуса, кој секогаш се бори за вас во молитви, за да стоите совршени и наполно уверени во целата Божја волја.“

Сакам, драги Господе, душа која гори за Тебе, душа крстена со небесна енергија; подготвен ум, рака подготвена да работи што може, да ширам светлост каде и да одам“(George Gallowas Jackson).

Единствениот став што Исус непоштедно го осудува е рамнодушноста. Христијаните не можат да останат неутрални кон било кое прашање. Бог има точка на гледиште. Ние мораме да ја откриеме и да постапуваме според неа во сè што работиме!

Црквата во Лаодикеја била независна, задоволна со себе и сигурна.

„Ништо не ни е потребно!“ Навистина?

Црквата не може да биде затворен систем. Материјалното богатство и блескавата статистика понекогаш го прикриваат телото кое гние. Додека е Исус надвор и се обидува да влезе, црквата ја губи својата духовна моќ и пропаѓа.

Јован 15,5

„Јас Сум лозата, а вие сте прачките. Кој останува во Мене, и Јас во него, тој дава многу плод; зашто без Мене не можете да направите ништо.“

## 2. ГИ ИЗГУБИЛЕ СВОИТЕ ВРЕДНОСТИ

Можеби духот на трговијата влегол во црквата? Дали затоа многу црковни списанија и билтени покажуваат слики на згради? Дали е тоа она што нас ни е најважно?

„Една од причините што раната црква растела толку брзо, како што било во првите 200 години, е тоа што немала црквени згради. Бидејќи не можеле да се собираат во изолација, нивниот христијански живот и сведоштво морало да се обавува во друштвото во кое живееле“ (Jan Coffes).

„Некои верници претпоставуваат дека материјалните богатства се знак на Божјиот духовен благослов. Лаодикеја била богат град, па затоа и црквата била богата. Но тоа што Лаодикејците можеле да го видат и да купат им станало подрагоцено од тоа што било невидливо и вечно. Богатството, луксузот и животот без грижи, можат да направат луѓето да се чувствуваат самоуверено и задоволно. Но без оглед колку материјални средства поседувате и колку заработувате, немате ништо ако немате жива заедница со Исуса Христа“ (Life Aplication Bible).

Не би биле ни малку изненадени ако црквата во Лаодикеја имала импресивна статистика, но сепак Исус кажува дека ќе ги исплука од својата уста!

**Решение:** Платете цена и купете „злато пречистено во оган“, кое предлага дека на црквата ѝ било потребно мало прогонство, бидејќи им било премногу удобно.

„Во ова радувајте се, макар да сте сега за малку наскрбени, ако е потребно во разни искушенија, та вредноста на вашата вера, која е поскапоцена од пропадливото злато – кое се испитува во оган – да се покаже, за пофалба, слава и чест, при откровението на Исуса Христа“ (1.Петрова 1,6.7).

## 3. ЈА ИЗГУБИЛЕ СВОЈАТА ВИЗИЈА

Лаодикејците биле слепи. Тие не можеле да ја видат стварноста. Живееле во рај за неразумни, горди на црквата, која ќе биде отфр-

лена. Не можеле да видат какви се стварно. Не можеле да го видат својот Господ, кој стои пред вратата на црквата. Не можеле да ја видат отворената врата на можностите. Биле толку преокупирани со изградбата на своето сопствено царство што станале млаки во својата грижа за изгубениот свет.

Мудри изреки 29,18:

„Без откровение одозгора народот е нескротлив."

Решение? Подгответе небесна маст за очи!

Окото е едно од најчувствителните делови на телото и само Големиот Лекар може да го излечи. Мораме да се покориме на Неговиот начин на лекување и потоа да одржуваме здрави духовни навики за нашиот вид да стане поостар.

Јован 9,39.

„'Дојдете и видете!' им одговори. И така, отидоа да видат каде живее, и останаа при Него оној ден. Тоа беше околу десеттиот час."

2.Петрово 1,5-9.

„Заради тоа вложете ја сета ревност, и исполнете ја својата вера со добродетел, а добродетелта со знаење; а знаењето со воздржливост; а воздржливоста со трпение; а трпението со побожност; а побожноста со братољубие; а братољубието со љубов. Зашто, ако го имате сè тоа и тоа се умножува, не ве прави мрзливи и бесплодни во познавањето на нашиот Господ Исус Христос,но, кој го нема тоа, слеп е и кусоглед: зашто заборавил дека е очистен од своите стари гревови."

## 4. ГО ИЗГУБИЛЕ СВОЕТО ДОСТОИНСТВО

Слично на царот од приказната на Ханс Кристијан Андерсен, овие христијани мислеле дека се облечени во слава, но впрочем биле голи! Тоа значи да бидеш понижен и поразен.

2.Самоилова 10,4.

„Тогаш Анун ги грабна Давидовите слуги, им избричи половина брада и им ги скрати облеките до половина, и ги испрати назад."

Лаодикејците можеле да отидат на Пазар и да купат фина волнена облека, но тоа не била нивната вистинска потреба. Им биле потребни белите облеки на Божјате правдина и милост.

ГОСПОД ЈА ЗАВРШИЛ ПОРАКАТА СО ТРИ РЕЧЕНИЦИ

**а. Објаснување**

Исус ипонатаму ги сакал овие млаки верници, иако нивната љубов кон Него се оладила. Тој планирал да ги очисти, да ги дисциплинира и да ја докаже својата голема љубов. „Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и воспитувам. И така, биди искрен и покај се" (Откровение 3,19).

Бог дозволува црквата да помине низ период од неволји, за да стане онаква каква што Тој сака таа да биде.

**б. Поттик**

Црквата морала да се покае поради својата гордост и да се понизи пред Господа. Морале да го запалат внатрешниот оган и да го негуваат срцето кое гори. „Биди искрен и покај се".

**в. Повик**

Често ги користиме овие зборови за да доведеме луѓе кон Христа, но тие во основа се применуваат на верниците. Господ бил пред црквата. Тој им зборувал на поединци, а не на целата заедница. Тој повикувал мал остаток. Бог може да направи големи работи во црквата, но и преку само еден посветен поединец.

„Еве стојам на врата и тропам: ако некој го чуе мојот глас и отвори врата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со мене."

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
4/2021

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

*Издава:*
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите на седмиот ден

*Коректура:*
Томе Трајков

*Одговара:*
Томе Трајков

*Превод и подготовка:*
Мелита Томовска

*За интерна употреба*